ОПШТИНА ПЕХЧЕВО
ЈАВНО КОМУНАЛНО
ПРЕТПРИЈАТИЕ
„КОМУНАЛЕЦ"
Бр 01-478/1
21.11.2013 год
ПЕХЧЕВО

Архивски знак: 0102
Рок на чување трајно
20.01. 2014 година
Потпис,

# ПРОГРАМА

## За работа на ЈКП „Комуналец"–Пехчево за 2014 година

**Јавното комунално претпријатие „Комуналец„- Пехчево** е основано од Совет на Општина Пехчево, заради вршење на стопанска дејност, од комунална област од јавен интерес, а која е незаменлив услов за животот и работата на граѓаните на територијата на општина Пехчево.

Програмата за работа на ЈКП „Комуналец"– Пехчево, произлегува од Актот за основање – Статутот и претставува План за активностите и работењето во текот на 2014 година.

Претпријатието во последните неколку години ,во поглед на административното работење е доста осовремено,недостасуваат уште два компјутери како би се заокружило сметководственото работење. Во осовременување на работењето на претпријатието, во иднина треба да се работи на обезбедување средства за промена на класичните водомери, со водомери кои автоматски се отчитува состојбата на потрошена вода и читачот директно се внесува во програмата на претпријатието. Овие водомери регистрираат кварови,неконтролирани протоци на вода,кражби на вода и сл., така да со нив многу ке се намалат загубите на вода.

ЈКП „Комуналец"– Пехчево, како служба на Општина Пехчево во тековната 2014година, покрај редовните дејности ќе врши и други дејности, согласно материјалните средства и слободна работна рака, со кои располага.

ЈКП „Комуналец"– Пехчево ќе се залага за организационо работење за следните планирани дејности за кои е основано:

1. Снабдување со вода за пиење;
2. Одржување на комплетна водоводна мрежа во Пехчево, с.Робово, с.Умлена, с.Чифлик и с.Негрево;
3. Одржување на канализационата мрежа во Пехчево;
4. Одржување на паркови и градско зеленило;
5. Одржување на градско пазариште;
6. Одржување на улична расвета;
7. Изнесување и депонирање на смет во Пехчево, с.Робово, с.Умлена, с.Чифлик, с.Негрево, с.Панчарево и с.Црник.
8. Одржување на јавната чистота;
9. Управување со градските гробишта;
10. Зимско одржување.
11. Осовременување на депонија за комунален отпад и вадење на соодветни дозволи предвидени со Закон.
12. Отварање на депонија за складирање на градежен шут, и складирање на истиот.

Согласно Програмата на Општина Пехчево, ЈКП „Комуналец"– Пехчево, ќе ги врши и следниве дејности:

1. Изградба на канализациони и водоводни системи за потребите на Општина Пехчево;
2. Изградба на шахти и други објекти за потребите на ЈКП „Комуналец";
3. Вршење на ископи за потребите на трети лица и други градежни и занаетчиски работи кои може да ги врши претпријатието;
4. Оградување на прекидни комори и резервоари;
5. Изградба на други проекти,
6. Чистење на речни корита и суводолици од наноси на песок и други материјали.
7. Изнесување на речниот песок и складирање на истиот во плацот на претпријатието, согласно новите законски прописи за оваа област.
8. Изработка на одредени елементи од бетон за потребите на претпријатието и општината.
9. И други активности дозволени со закон.

За сите превземени активности за Општина Пехчево, за секоја посебно по претходно дадени Предлог-проекти, ЈКП „Комуналец" – Пехчево ќе склучи Договор со Општина Пехчево.

Но да почнеме со основнитре дејности:

## 1. СНАБДУВАЊЕ СО ВОДА ЗА ПИЕЊЕ

За 2014 год.,приоритети на ЈКП „Комуналец"– Пехчево, останува Истиот приоритет од 2013 год., изградба на таложник пред Филтер станица, со соодветна големина предвидена со проект за градба. Бидејки претпријатието нема сопствени средства за изградба, средства ке се бараат со проекти од други институции.

Опремување на современа лабораторија за испитување на квалитетот на водата од Филтер станицата, во вредност од 25.000€ (1.532.000 денари).

Со обезбедени средства од Општина Пехчево, во наредната година ке се промени песочниот филтер во Филтер станицата и ке бидат вградени влезни вентили со кои ке се контролира количината на протокот на вода која влегува во филтер станицата и така контролирана ке може да се третира со алуминиум сулфат,хлор,вар и слично. На овој начин се смета дека ке се подобри квалитетот на водата.



Во поглед на патниот приод на филтер станицата,која е оддалечена скоро еден километар од градот,како и до главните резервоари за вода, планираме во 2014 г., овие патишта да ги пошлунчиме со сопствени средства.

## 2. ОДРЖУВАЊЕ НА ВОДОВОДНА МРЕЖА ВО ОПШТИНА ПЕХЧЕВО

Водоводната мрежа, како што е спомнато и во програмата во 2о13 г., во Општина Пехчево ја одржува ЈКП „Комуналец" – Пехчево, (во населените места Пехчево, Чифлик, Робово, Умлена и Негрево) истата е е нова, современа со 90% полиетиленски цевки и 10% ПВЦ цевки.

Дефектите на новата мрежа се минимални, пред се, се јавуваат на ПВЦ мрежата, додека на полиетиленската мрежа скоро и нема, освен од меџанички оштетувања.

Во наредната година, ке бидат оградени, новиот резервоар и прекидните комори на доводот на вода, со бодликава жица или метална мрежа, како би се спречило неовластено влегување во објектите.



Во 2014 година, ќе се довршат сите предвидени и незавршени кружни поврзувањи на преостанатите водоводни краци и тоа на Булевар „Борис

Кидрич", поточно од Градска фонтана кај хотел „Кит-Го", преку центар до под црква Св.„Петар и Павле", траса на ул. „Вељко Влаховиќ" со траса на ул.Мирче Ацев, потоа ул.„Даме Груев" со траса на „Илинденска" (кај детска градинка), од траса на ул.„Ванчо Китанов" до траса на ул.„Гоце Делчев". "

Поради необезбедени средства, слепиот крак на ул.„Борис Кидрич" од куќа на Павле Кратевски покрај ДИК „Фагус" на водоводната траса до канцеларии на ЈП „Равна Река", во должина од 500м1 , црево Ф 63,остана неповрзан,ако се обезбедат средства истиот ке се поврзе,како итраса од раскрсница кај Начевски Васко на ул.Гоце Делчев, до раскрсница кај црква Петар и Павле.

Прочистување на месни – селски захвати за вода за пиење (доколку се обезбедат средства) санирање на доводи на вода до резервоари во с.Панчарево и с.Црник и санирање на селски резервоари.,оваа е незавршена работа од Програмата за 2013 година . Завршување на трасата за прибирање на вишоци од водата од филтер станица во стар доводен водовод и спроведување на истата во Пехчевска Река. Вградени се 50м1, останува да се вградат уште околу педесетина метри цевки и изградба на 3 шахти.

Докомплетирање на НАССР системот, и негово имплементирање.

Доколку се обезбедат средства за да се набави црево Ф 63 , ке биде заменета и водоводната траса на ул.20-ти ноември, во должина од околу 60о метри. На тој начин ке се оддели канализационата мрежа од водоводната.

## 3. ОДРЖУВАЊЕ И ИЗГРАДБА НА КАНАЛИЗАЦИОНАТА МРЕЖА

Во поглед на канализационата мрежа, ЈКП Комуналец , ја одржува канализационата мрежа само во градот Пехчево.

Во поглед на главните канализациони колектори, постојат два, и тоа лев и десен колектор, и истите се релативно нови,со ПВЦ цеви, како и дел од секундарните краци се ПВЦ и полиетилен цеви,околу 50%, а другото е азбест,или 30%,бетонски цеви се 15%, и 5% се глинени цеви.

Во поглед на приватните,индивидуални приклучоци, цевите се претежно од ПВЦ, малку има полиетилен цеви, и многу малку бетонски и глинени цеви.

Санирање на застарени и изградба на нови секундарни и примарни канализациони краци, ке биде се во согласност со Програмата на Општината

Нереализираната изградба на колектор Ф 650 на потез од берберница на ДООЕЛ „Алфа-Електротехника", до Градска фонтана заедно со канал за атмосферска вода, со должина 90 м1, атмосверска канализација, ако се обезбедат средства ке биде изградена во 2014 г.



## 4. ОДРЖУВАЊЕ НА ПАРКОВИ И ГРАДСКО ЗЕЛЕНИЛО

Површината на парковите и градското зеленило е иста како и претходната година.

Доколку Општина Пехчево го преотстапи одржувањето на „Паркови и градско зеленило" навремено ќе биде извршено кроењето и средувањето на дрвцата долж улиците.

Сите зелени површини ќе бидат навремено чистени, полевани со вода и косени.



Согласно програмата на Општина Пехчево, доколку ни се преотстапи одржувањето на излетничките места на локалитет „Равна Река" ќе склучиме Договор и ќе го вршиме одржувањето.

## 5. СТОПАНИСУВАЊЕ СО ГРАДСКО ПАЗАРИШТЕ

Градското пазариште во Пехчево е едно од најмалите во државата. Просторот кој е наменет за пазариште е од времен карактер, и согласно локацијата е многу тешко да се огради и ограничи, со што има многу тешкотии во стопанисување со истиот.

- Со градското пазариште стопанисува ЈКП „Комуналец" – Пехчево .
- Стопанисувањето е со тезги и полиња за кои корисниците плакаат соодветен надоместок.
- Покрај за тезги и полиња странките плакаат и за резервации, ккои можат да бидат месечни и повече месечни.
- Секој корисник на услугите од Пазарот е должен, согласно Законот, да склучи договор за користење на услугите.

Во 2014 год., мора да се изнајде начин како да се огради пазаришниот простор.

## 6 . ОДРЖУВАЊЕ НА УЛИЧНА РАСВЕТА

Уличната расвета во Општината ја одржува ЈКП Комуналец Пехчево.

Во поглед на уличното осветлување, ЈКП „Комуналец" ќе работи согласно Програмата на Општина Пехчево, со склучување на Договор со Општината,каде материјалите ги набавува Општината а вградување и изведба на објекти ги врши Комуналец.



Како и во 2013 г.и во 2014 г.,ке бидат вградени нови улични траси и нови улични, согласно потребите на граѓаните.

Украсувањето низ градот за Нова Година како и секоја година го врши ЈКП „Комуналец"– Пехчево.



### 7. **ИЗНЕСУВАЊЕ И ДЕПОНИРАЊЕ НА СМЕТ**

Собирање,транспортирање и складирање на сметот е во надлежност на ЈКП „Комуналец"– Пехчево. Изнесување на сметот се врши со камиони за ѓубре, набавени од Општина Пехчево. Тракторот ќе се користи за собирање на некомунален отпад и комунален отпад од улички во кои не може да влезе камионот. програмата.

Во поглед на собирањето и транспортирање на комуналниот отпад, ЈКП Комуналиц е опремен согласно сите норми кои ги бара Законот.

### 8. ДЕПОНИЈА ЗА КОМУНАЛЕН ОТПАД

Согласно Законот, претпријатието треба да има депонија за комунален отпад согласно сите европски стандарди. Малку парадоксално, но вистинито, во стратегиските планови на Регионот и на Републиката,ке се градат Регионални депонии, со сите европски белези и стандарди, а од друга,сите општини треба да ги устројат локалните депонии со европсски стандарди. Тешко и неизводливо, пред се од економски причини. Но што е, тука е, Комуналец за да добие Дозвола за депонирање, мора:

-Да ја огради депонијата,

-Да донесе вода и струја,

-Да воведе целодневна стражарска служба,

-Да обезбеди селектирање на отпадот,рециглажа и балирање на отпадот.

-Да изгради бетонска платформа,настрешница (Хала) и стражарска кукица.

-Може и видео надзор.

Оваа е само дел да се добие дозвола за депонирање на комунален отпад.

Иако во Програмата за 2013 год., за градската депонија не е предвидено средување за дозволи, Комуналец, последните месеци од годината работи на овој проблем.

9. ДЕПОНИЈА ЗА ГРАДЕЖЕН ШУТ

За складирање на градежниот шут, кој останува од рушење на индивидуални и јавни објкекти, Законот предвидува отварање на Депонија за градежен шут.

Со оваа депонија ке стопанисува ЈКП Комуналец, Пехчево, под услови кои ги одредат заедно со Општината.

За складирање на градежниот шут е определено местото, поранешен рудник на глина на АД Бомекс Пехчево, на месноста викана Елата.

И оваа депонија треба да се огради и среди согласно стандардирте предвидени во Законот.

За складирање на градежен шут, Советот треба да одреди цена по м3 складиран шут во депонијата.

**8. ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНА ЧИСТОТА**

Јавната чистота во градот и општината ја одржува ЈКП КОМУНАЛЕЦ Пехчево, согласно договорот со Општината.

Согласно Програмата за одржување на јавната чистота, ЈКП „Комуналец"– Пехчево врши:

- Чистење и метење на Булевар „Борис Кидрич", ул.„Истра", ул.„Индустриска" до раскрсницата до Полициска станица, влезот во колективните згради бр.6 и бр.47 на ул.„Борис Кидрич";
- Чистење и метење на градскиот плоштад;
- Чистење на сите паркови, зеленила и улични тревници во Пехчево;
- Чистење на кејот на реката „Писа" (коритото, ѕидовите и кејското шеталиште);
- Чистење на градските гробишта;
- Чистење и метење на градското пазариште;
- Чистење на спортските терени во градот Пехчево.

**9.УПРАВУВАЊЕ СО ГРАДСКИТЕ ГРОБИШТА**

Во поглед на оваа дејност, се е како минатата година.

Согласно Закон за гробишта и погребални услуги, ЈКП „Комуналец"– Пехчево стопанисува и со градките гробишта. Во рамките на оваа дејност ЈКП „Комуналец"– Пехчево извршува:

- Ги одржува градските гробишта;
- Издава Одобрение за погреб;
- Води Дневник и Регистер на погребани лица и

- Врши погребални услуги, – врши и превоз на умрени и продавање на погребална опрема (бидејќи ЈП „Равен" сеуште нема извадено лиценца за вршење на дејноста).

За 2013 година имаме предвидено за градските гробишта:

1. Изградба на тоалети;
2. Вклучување на 3 чешми со потребна инфраструктура;
3. Оспособување на паркинг до градските гробишта (порамнување и пошлучување).
4. Урбанизирање на новиот дел (со помош на стручни служби од Општина Пехчево)
5. Обележување и оградување на преостанатиот дел од градските гробишта.



**10. ЗИМСКО ОДРЖУВАЊЕ**

Зимското одржување во општината го врши ЈКП КОМУНАЛЕЦ Пехчево.

Општина пехчево и ЈКП Комуналец Пехчево, склучуваат Договор за зимското одржување на улиците во Пехчево и локалните патишта до селата Умлена, Робово, Чифлик, Панчарево и Црник, со посебен прилог кон овој договор за должината на патните правци и улици.

Одржувањето ќе се врши по претходно утврдени критериуми и приоритети.

ЈКП Комуналец раполага со три машини за чистење на снег (камион со 5 –метарски нож за чистење на снег, ровокопач JCB и ровокопач BN 80 со нож за снег). Исто така располагаме и со „Распрскувач на песок, кој го прикачуваме на трактор.

За зимско одржување, имаме обезбедено 100м3 песок и 4 тони сол.



**ЈКП „Комуналец" Пехчево** ќе ги врши сите наведени дејности, а може да се вршат и други дејности, согласно потребите на Општината, потребите на граѓаните или во некои вонредни околности, за кои има определени услови, макар и минимални.

**ЈКП „Комуналец" – Пехчево**
**Директор**
**Јованчо Секуловски**

ЈАВНО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ОПШТИНА ПЕХЧЕВО „КОМУНАЛЕЦ" ПЕХЧЕВО